за јавна употреба

# ПОЛИТИКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА И ПОТКУП НА НЛБ ГРУПАЦИЈАТА

НЛБ Групацијата е цврсто посветена на усогласеност и интегритет и има нулта толеранција за било која форма на практики на корупција и поткуп во јурисдикциите каде што ги обавува деловните активности.

НЛБ Групацијата е свесна за важноста на борбата против корупција и останатиот финансиски криминал. Соодветно, НЛБ д.д. и останатите членки на НЛБ Групацијата имплементираат политики и процедури што го следат принципот на нулта толеранција на било која форма на корупција, било тоа да е во јавниот или приватниот сектор. Ние имаме воспоставено процедури, насоки и правила за однесување во оваа насока што се обврзувачки за сите вработени како и за членовите на органите на управување на НЛБ и членките на НЛБ Групацијата. Ние ги очекуваме овие стандарди од нашите деловни партнери, добавувачи и останати лица со кои соработуваме.

Како дел од нашата Политика за заштита на укажувачи, посебниот канал за пријавување е достапен (https://whistler.nlb.si/) за сите вработени преку кој може во добра верба и анонимно да пријавуваат извршување на активности сомнителни за корупција и останати форми на ризик од корупција со кои може да се сретнат во текот на извршувањето на своите професионални активности до соодветниот менаџмент за контрола на усогласеност. Како дел од нашиот пристап, ние ја гарантираме не само анонимноста на пријавувачите туку и заштита против било која форма на одмазда.

**Во НЛБ Групацијата, било која форма на корупција е стриктно забранета**

Корупција претставува секоја злоупотреба на позицијата за приватни цели. Ова вклучува обезбедување на финансиски и нефинансиски бенефити за себе или за други. Примери на корупција се уцена, поткуп, измама, непотизам, плаќања за олеснување на било кои активности.[1]

Во НЛБ Групацијата е строго забрането користењето на било кои ресурси на било која членка на НЛБ Групацијата за нелегални цели и цели што не се во согласност со правилата за спречување корупција пропишани во оваа Политика. Вработените се обврзани да одбијат било какво коруптивно однесување и веднаш да пријават во Организационата единица надлежна за контрола на усогласеност.

*Нелегално прифаќање и нелегално давање подароци (поткуп)*

Во НЛБ Групацијата строго е забрането нелегално давање или прифаќање на подароци од било кое лице, без разлика дали се работи за деловен партнер, добавувач или јавен службеник, со цел обезбедување на нови деловни активности, одржување на постоечките деловни активности или доведување во предност на интересите на неисправен начин. Никој во НЛБ Групацијата, под било кои околности не може да вети, понуди, прифати или даде нешто што би можело да се смета дека е поткуп. Не само што таквата активност е нелегална, истата претставува кривично дело и ги прекршува политиките на НЛБ Групацијата и го поткопува нашиот деловен интегритет.

*Плаќања за олеснување на одредени активности*

Во НЛБ Групацијата, плаќањата за олеснување на одредени активности се забранети. Никој не може да даде или да прифати плаќања за олеснување на одредени активности.

---

[1] Барањето исто така се смета за акт на корупција – доколку некој вети или побара или даде награда на друго лице во замена за активност што има знаци на корупција. Во такви случаи и барателот и лицето што всушност го извршува таквиот акт се смета вклученост во корупција.

Плаќањето за олеснување на одредени активности ги претставува плаќањата каде што (мал) износ на средства е понуден или ветен на јавни службеници или претставници на државните институции[2] со цел обезбедување или забрзување на одредени рутински или неопходни активности што се дел од вообичаените (официјални) процедури. Вообичаено, ваквите плаќања се побарани во готовина. Пример на вакви плаќања на (мали) износи на средства до јавните службеници обезбедуваат виза, премин на стока преку царина или го забрзуваат процесот на издавање на официјални дозволи (лиценци, дозволи за градење и сл.) или завршување на процедури. Иако во одредени држави во светот ваквите плаќања се барани, тие претставуваат поткуп и често вклучуваат подароци и слично.

*Непотизам*

Во НЛБ Групацијата непотизмот е забранет. Сите процедури за вработување или изборот на надворешни добавувачи мора да бидат извршени транспарентно, користејќи го принципот на фер и еднаков третман и обезбедување на еднакви можности во согласност со пропишаните процедури за вработување или избор на надворешни добавувачи со цел регрутирање на најдобрите кандидати и избегнување на судир на интереси.
Непотизмот значи дека лицето што одлучува или лицето што влијае на одлучувањето ги третира со предност своите блиски членови на семејството или други лица со блиски лични врски (блиски познанства) без оправдана и докажана причина.

*Лобирање и политички придонеси*

Лобирањето е процес во кој интересни групи и/или граѓански здруженија се обидуваат да влијаат на донесувачите на одлуки (вообичаено политички). Членовите на управувачките органи на НЛБ ќе лобираат и ќе ги претставуваат интересите на НЛБ во согласност со релевантната регулатива, почитувајќи го принципот на транспарентност (како нерегистрирани лобисти) во согласност со регулативата што го пропишува лобирањето. Во исклучителни случаи, регистрирани лобисти може да се користат за заштита на легитимните интереси по претходно одобрение на органот на управување на соодветната членка на НЛБ Групацијата. Било кое друго лобирање за сметка на НЛБ не е дозволено. Изразувањето на интереси за сметка на НЛБ (или било која членка на НЛБ Групацијата) преку интересни здруженија, како банкарски асоцијации, не се смета за лобирање.

Во НЛБ Групацијата, членките нема да плаќаат било какви политички придонеси – ниту директно, ниту индиректно. Политичките придонеси се придонеси на еден или повеќе политичари, политички кампањи или политички партии. Таквите придонеси може да се сметаат за обид за обезбедување на предност во бизнисот (деловните активности). НЛБ Групацијата е политички неутрална и соодветно не обезбедува финансиски придонеси за политички партии, претставници на политички партии или политички кампањи. Сепак, секој вработен, без разлика на работната позиција, може слободно да учествува во политички активности или кампањи но, индивидуално и во својата приватна сфера, без користење на ресурсите на НЛБ, мрежата или брендот за да придонесува (финансиски или не-финансиски) за активностите или политичките партии, политичарите или политичките кампањи.

[2] Јавен службеник значи:

- Службеник или вработен во било која владина или државна институција, агенција или правно лице на било кое ниво (вклучително и кандидати за политички поцизии, членови или политички партии и вработени како и политички партии)
- Вработени во компании во државна сопственост
- Лица што имаат јавни овластувања за сметка на државата (пр. членови на дипломатски претставништва)
- Членови на меѓународни организации

*Спонзорства и донации*
Донација е еднонасочна трансакција, придонес наменет за оние на кои им е потребна помош и примачот не треба да направи нешто во замена за донацијата. Спонзорство е двонасочна трансакција, каде примачот на спонзорираните средства мора да исполни определени претходно договорени обврски, како што е рекламирање, прикажување на логоата на спонзорствата итн. Општествената одговорност, што вклучува програми за спонзорства и донации е една од основните обврски на НЛБ Групацијата; соодветно, потребно е да се почитуваат воспоставетните процедури за транспарентност за одобрување и следење дали целта на донациите и спонзорствата се исполнети (вклучително и условите).

Донациите и спонзорствата ќе бидат дозволени доколку ги изразуваат или ги поддржуваат вредностите на НЛБ Групацијата. Секој вработен на НЛБ Групацијата мора да избегнува одобрување на донации и спонзорства на нетранспарентен начин кон профитни организации, асоцијации или лица поврзани со НЛБ Групацијата, со или без почитување на воспоставените правила за одобрување донации и спонзорства.

*Стандарди за добавувачи и/или надворешни провајдери*

Нашите процеси за набавка може да вклучат добра и услуги што редовно се обезбедуваат во земјите во светот. Од таа причина, важно е да бидеме свесни за ризикот со кој се соочува НЛБ Групацијата согласно однесувањето на нашите добавувачи и надворешни провајдери (деловни партнери). Одговорно работење подразбида дека ние единствено ќе соработуваме со добавувачи што имаат високи етички стандарди што соодвествуваат на нашите етички стандарди. Добавувачите и надворешните провајдери може исто така да вклучуваат и подизведувачи, добавувачи на добра и услуги за било кој член на НЛБ Групацијата. Сите трети лица мора задолжително да бидат проверени, мониторирани и контролирани согласно ризиците што членките на НЛБ Групацијата редовно ги утврдуваат. Добавувачите и надворешните провајдери мора да бидат информирани однапред за барањата во делот на усогласеност и интегритет, да добиваат врски за пристап до објавениот Кодекс на однесување на НЛБ Групацијата (за јавна употреба) и договорите со НЛБ д.д. и другите членки на НЛБ Групацијата мора да содржат стандарди во делот на усогласеност и спречување корупција како и соодветни правни лекови (раскинување на договор поради непочитување на стандардите на НЛБ Групацијата). Исто така неопходно е да се спроведува и анализа на добавувачи и надворешни провајдери и да се преземаат редовни проценки на ризик од договорните односи во текот на траењето на договорот во согласност со интерните правила за надворешни добавувачи и процедури за набавки. За спречување на корупција, сите правила на оваа Политика, вклучително и правилата за подароци, плаќања за олеснување и поткуп се применуваат mutatis mutandis на добавувачите и надворешните провајдери во иста насока.

*Користење на посредници*
Посредниците се агенти, советници, агенти за недвижен имот, претставници и останати лица што делуваат во име и за сметка на НЛБ д.д. или други членки на НЛБ Групацијата. Во одредени случаи, исто така соработуваат и со јавните службеници (пр. при обезбедвување на дозволи за градење на деловен простор, обезбедување на останати дозволи и сл.).

Во пракса, ризикот од корупција и поткуп е повисок (ваквите случаи се почести) кога се користат посредници. Бидејќи посредниците ја претставуваат НЛБ Групацијата, ние сме одговорни за нашите посредници како да се наши вработени. Оттука, посредниците

мора да бидат информирани однапред за барањата од аспект на усогласеност и интегритет, да добијат врски за пристап до објавениот Кодекс на однесување на НЛБ Групацијата (за јавна употреба), и договорите со НЛБ д.д. и останатите членки на НЛБ Групацијата мора да содржат стандарди во делот на усогласеност и спречување корупција како и соодветни правни лекови (раскинување на договор поради непочитување на стандардите на НЛБ Групацијата). За спречување на корупција, сите правила на оваа Политика, вклучително и правилата за подароци, плаќања за олеснување и поткуп се применуваат mutatis mutandis на посредниците во иста насока.

*Вработување на или нарачување на услуги од поранешни јавни службеници, државни службеници и нивни роднини*
Јавните службеници и државни службеници, нивните блиски членови на семејство и останати лица со блиска поврзаност (пр. пријатели, други блиски соработници) никогаш не може да бидат приоретизирани во процедурите за вработување или процесите за нарачки на услуги или купување на добра, поради блиските врски со наведените лица. Истото правило е апликативно и за поранешни јавни и државни службеници за периодот од последните 5 години од престанокот на нивното вработување или функција. Во процедурите за вработување и процесите на набавка мора да се одреди дали постојат ризици од корупција и ризици од судир на интереси поради таквите врски во согласност со оваа Политика и политиката што го регулира управувањето со судирот на интереси. Доколку има некое двоумење, организационата единица надлежна за усогласеност ќе издаде мислење.

*Контакти со државници од висок ранг*
Членовите на органите на управување на членките на НЛБ Групацијата што имаат контакт со владини или државни претставници, или претставници на дипломатските преставништва или меѓународни организации мора, дополнително на усогласеноста со правилата за прием и давање на подароци, со цел за заштита на интегритетот и репутацијата на НЛБ Групацијата треба да посветат особено внимание дека овие договори ја следат основната цел на оваа Политика, односно обезбедуваат транспарентност во активностите.

Со цел заштита на интересите на НЛБ Групацијата и почитување на правилата на оваа Политика, неопходно е да се чуваат податоци за (билатерални) состаноци на членовите на органите на управување (извршни и неизвршни комитети) на членка на НЛБ Групацијата со владини или државни претставници или претставници на дипломатски претставништва или меѓународни организации. Секретаријатот на секоја членка на НЛБ Групацијата ќе чува податоци за таквите контакти со следните информации: а) место и датум на состанокот, б) учесници на состанокот и в) цел на состанокот.

*Контакти со останати лица*
Вработените во НЛБ Групацијата кон кои пристапува претставник или агент на добавувач, надворешен провајдер, клиент или трето лице со цел да се обиде да несоодветно да влијае на деловните одлуки на НЛБ д.д. или друга членка на НЛБ Групацијата на несоодветен или недозволен начин веднаш ќе го соопшти наведеното на организационата единица надлежна за усогласеност.

*Правила за прифаќање и давање подароци*
Вработените во НЛБ Групацијата не смее, директно или индиректно, да учествуваат во било која форма на корупција, не смее да бараат, прифаќаат или ветуваат пари, награди, подароци или други бенефити за (вратени) услуги од било кој клиент, (постоечки или потенцијален) деловен партнер или трето лице. Надоместувањето на трошоци за патување и сместување и покривање или пропуштање на наплата на

трошоци за професионални конференции, деловни состаноци и обуки (од членка на НЛБ Групацијата или трето лице) исто така ќе се сметаат за подарок.

Учеството на такви настани е дозволено кога:
- трошоците се оправдани, разбирливи и во согласност со правилата за надоместок на трошоци за патувања;
- е за легитимни деловни цели (пр. дадениот подарок произлегува од бенефит добиен за целите на спонзорства и донации и се користи од НЛБ за да ги зацврсти партнерствата со постоечките или идни клиенти);
- не отстапува од деловните практики;
- не оддава впечаток дека може да влијае на прудентните деловни одлуки и активности; и
- не влијае или не оддава впечаток дека може да влијае на деловните одлуки и активности на вработениот (пр. без тековни или планирани деловни преговори).

Дозволените форми на гостопримство (пр. забава, вечери, општествени настани придружени со конференции или професионални состаноци) ќе бидат оние што:
- се легитимни за деловните цели и овозможени во истата форма за сите учесници на настанот;
- се од прикладен карактер;
- претставуваат компонента од професионален или деловен состанок со разумно времетраење (максимум од една десеттина од траењето на програмот); и
- се со вредност што лицето би сакало да ги плати доколку патувањето е од приватен карактер.

*Јавни службеници*
Кога се соработува со ентитети од јавниот сектор (вклучително ентитети од јавното право) мора да се пристапи со особена внимателност; соодветно почитувајќи ги правилата што генерално се применуваат на подароци и гостопримство.

**Прекршувања на Политиката**
Било какви прекршувања на правилата на оваа Политика ќе бидат третирани во согласност со интерните документи што се однесуваат на третманот и санкционирањето на такви прекршувања. Корупцијата е кривично дело и последиците често се далекусежни и може да вклучуваат санкции во форма на значителни казни, ставање на црна листа на меѓународни организации, затворски казни за физички лица и санкционирање на правни лица. Дополнително, секоја членка на НЛБ Групацијата може да трпи сериозна штета поради загуба на репутацијата, интегритетот и општествената одговорност. Оттука, НЛБ Групацијата го смета секое прекршување на оваа Политика за особено тешко прекршување на одговорностите на вработените и доколку ваков тип на прекршувања е откриено, соодветни мерки ќе бидат усвоени, вклучително и прекин на работниот однос и кривично гонење на лицето.

Во врска со штетни настани, НЛБ Групацијата има воспоставено стандард за нулта толеранција на нелегално и неетичко постапување и непочитување на вредностите. Овој стандард е подвлечен како основен принцип што се применува во деловните активности.

Нулта толеранција се однесува на сите активности со интенција од вработените што претставуваат штетно однесување за членката на НЛБ Групацијата и како такви се дефинирани од законски или подзаконски акти, интерни правила, добри деловни практики и останати генерално познати добри деловни практики. Нулта толеранција исто така се применува за активности на вработени причинети со особено невнимание –

околности во кои вработените треба да бидат свесни за можноста нивните активности да причинат штета  на НЛБ или на членка на НЛБ Групацијата, но пропуштиле да ги превенираат.
НЛБ Групацијата го применува принципот на нулта толеранција, согласно кој сите активности на корупција се неприфатливи. Неколку такви минорни активности исто го подриваат законот и даваат можност за потенцијално поголеми форми на прекршување.

НЛБ Групацијата има воспоставено канали за известување на потенцијално несоодветно однесување, преку кои сомневања за прекршување на оваа Политика може да бидат пријавени (исто така и анонимно); членките на НЛБ Групацијата ќе овозможат заштита на пријавителот, соодветна имплементација на процедура за истрага и преземање на соодветни мерки.